Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-3099/1 од 28.11.2025 година, оформен по доставена пријава против лицата ------ – Директор на ЈЗУ Клиничка болница "----" -----, ------ – Претседател на ------, ------ – Секретар на ------, и ------ – в.д Началник на економски и стопански криминал во -----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапиле, односно во тек се постапки пред други надлежни органи (Министерство за внатрешни работи на РСМ и ОЈО Битола).

Предметот со бр. 12-3099/1 од 28.11.2025 година да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 21.10.2025 година, поднесена е пријава против лицата ----- – Директор на ЈЗУ Клиничка болница "------" -----, ------- Претседател на ------, ------ – Секретар на ------, и ------ – в.д Началник на економски и стопански криминал ------ и оформен е предмет бр. 12-3099/1 од 28.11.2025 година.

Подносителот на пријавата укажува дека во ЈЗУ Клиничка болница "-------" ----- (понатаму: Клиника), не постоело ниту едно лице со важечки сертификат за јавни набавки, поради вина на Диркеторката ------, којашто намерно не ја испраќала вработената по службена должност да си го продолжи сертификатот, додека во меѓувреме продолжило спроведувањето на јавни набавки во клиниката.

Согласно подносителот, горенаведената состојба била намерно создадена затоа што лицата ----- и -----, наводно преку лицето ------ (вработена во ЈП -----), ги работеле јавните набавки, односно истата работела по нивните инструкции. Лицето ----- составувала тендерски документации и за Општина ------ и основните и средните училишта на нејзина територија, Центарот за -----, ------- и ---- ДООЕЛ, наводно усогласени со "наместени" услови, во зависност кој економски оператор требало да го добие тендерот.
Подносителот, дополнил и дека лицата ------- и ------- ангажирале лице по име ------ (вработена во Трудов инспекторат) за наводни потреби во ЈП ----- и клиниката.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање, а подоцна и ургенција за прибирање информации до Министерството за внатрешни работи на РСМ.
Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Министерството за внатрешни работи на РСМ, СВР ------, Одделение за криминалистичка полиција, известува дека наводите во пријавата, пратена до ДКСК, во чија што содржина се наведени податоци и информации за нерегуларности во работата лицата ------, директор на клиниката; -------, пратеник и претседател на ОК -----; ------, директор на ----- и секретар на ОК ------ и --------, началник на Отсек за економски криминалитет при ОКП на СВР ----- се неосновани.
За делот од пријавата, во којшто пријавителот навел дека во клиниката не постоело ниту едно лице кое што имало положено и поседувало сертификат за јавни набавки, биле извршени оперативни проверки и се утврдило дека од редот на вработените во клиниката навистина нема лице со валиден сертификат за вршење на јавни набавки, но во моментот на вршење на проверките две лица вработени во клиниката посетувале обука за јавни набавки во Бирото за јавни набавки. За непречено и законито извршување на дејноста, клиниката имала склучен Договор без надомест со физичко лице кое што поседувало валиден сертификат за јавни набавки и кое што било ангажирано да ги спроведува постапките јавните набавки за клиниката.
Во однос на наводите за ангажирањето на лицето ------- од страна на клиниката, е отворен предмет од страна на ОЈО -----, со Наредба бр. РО ------ од 14.07.2025 година, по кој што се постапува и страна на МВР.

Полициски службеници од Отсекот за економски криминалитет, Одделение за криминалистичка полиција, СВР -----, работеле на неколку предмети со обележја на кривичните дела "Злоупотреба на службената положба и овластување", по чл.353 и "Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавни-приватно партнерство" по чл.275-в од КЗ во кои што се вклучени и правните субјекти ------ и клиниката, од кои што дел се завршени со соодветен поднесок до Основното јавно обвинителство -----, а дел се наоѓаат во предистражна постапка.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапиле, односно во тек се постапки пред други надлежни органи (Министерство за внатрешни работи на РСМ и ОЈО Битола).

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar